Врз основа на член 58 став (1) точка 3) од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Репбулика Македонија“ бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 13 март 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за забрана и посебен режим на движење на дел од територијата на Република Северна Македонија на подрачјата на општините Дебар и Центар Жупа**

**Член 1**

Со оваа одлука се наредува мерката забрана за движење, односно влез и излез од подрачјата на општините Дебар и Центар Жупа, како и мерката за воведување посебен режим на движење на населението внатре во овие подрачја на кои е утврдено постоење на кризна состојба согласно Одлуката за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради спречување на внесување и ширење и можноста од заразување од Коронавирус COVID-19 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.63/20), а со цел обезбедување заштита на здравјето на населението од подрачјата на овие општини.

**Член 2**

Мерките од членот 1 од оваа одлука ќе се применуваат за периодот на постоење на кризната состојба на подрачјата на општините од член 1 од оваа одлука.

**Член 3**

Забараната за движење, односно влез и излез од подрачјата на општините од членот 1 на оваа одлука, како и посебниот режим на движење на населението внатре во овие подрачја да го утврди Главниот штаб при Центарот за управување со кризи во акцискиот план за спречување на внесување и ширење и можноста од заразување од Коронавирус COVID – 19.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Број 44-2240/2**
**13 март 2020 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**